Врз основа на Конкурсот за запишување ученици во јавните средни училишта за учебната 2026/2027 година во Република Северна Македонија објавен од Министерството за образование и наука, Училишната комисија на ОПШТИНСКО СРЕДНО ТЕХНИЧКО УЧИЛИШТЕ „НАЦЕ БУЃОНИ“ Куманово, за запишување на ученици во учебната 2026/2027 година го објавува следниот

**ИНТЕРЕН КОНКУРС**
**за запишување ученици во прва година за учебната 2026/2027 година во ОПШТИНСКО СРЕДНО ТЕХНИЧКО УЧИЛИШТЕ „НАЦЕ БУЃОНИ“ Куманово**

**БРОЈ НА УЧЕНИЦИ И ПАРАЛЕЛКИ**
ОПШТИНСКО СРЕДНО ТЕХНИЧКО УЧИЛИШТЕ „НАЦЕ БУЃОНИ“ Куманово во прва година ќе запише **592 ученици во 19 паралелка** (**261 ученици** во **9 паралелки** со настава на **македонски јазик** и **331 ученици** во **10 паралелки** со настава на **албански јазик**) според наставните планови и програми за:

**Сектор Машинство - 195 ученици, 6 паралелки**

| Образовен профил | наставен јазик | број на ученици | број на паралелки | траење на образование | минимум поени |
|---|---|---|---|---|---|
| техничар за компјутерско управување | македонски | 34 | 1 | 4 годишно траење | 45 |
| техничар за компјутерско управување | албански | 34 | 1 | 4 годишно траење | 45 |
| машинско енергетски техничар | македонски | 34 | 1 | 4 годишно траење | 45 |
| машинско енергетски техничар | албански | 34 | 1 | 4 годишно траење | 45 |
| Техничар за возила на алтернативен погон (Делукс-Ауто, Ви-сто Виктор Куманово,Автоелектрика-Механика Леон, Авто-Велиновски ДООЕЛ, Авто куќа Ваце Владо ДООЕЛ) | македонски | 22 | 1 | 4 годишно траење | 45 |
| конструкциски механичар | албански | 34 | 1 | 3 годишно траење | 30 |

**Сектор Електротехника и информатички технологии – 254 ученици, 8 паралелки**

| Образовен профил | наставен јазик | број на ученици | број на паралелки | траење на образование | минимум поени |
|---|---|---|---|---|---|
| електротехничар – енергетичар во соработка со | македонски | 16 | 1 | 4 годишно траење | 45 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| компании (Електрокуманово ДООЕЛ, Светлост Љубислав ДООЕЛ, Електродистибуција ДООЕЛ Куманово) | | | | | |
| електротехничар – енергетичар | албански | 34 | 1 | 4 годишно траење | 45 |
| електротехничар за компјутерска техника и автоматика | македонски | 68 | 2 | 4 годишно траење | 60 |
| електротехничар за компјутерска техника и автоматика техничар | албански | 68 | 2 | 4 годишно траење | 60 |
| електромеханичар | албански | 34 | 1 | 3 годишно траење | 30 |
| Техничар за индустриска мехатроника * во соработка со компании (ДММ Дрекслмајер Мануфактуринг Македонија, ДООЕЛ Кавадарци) | македонски | 20 | 1 | 4 годишно траење | 55 |

**Сектор Здрвство и социјална заштита - 143 ученици, 5 паралелки**

| Образовен профил | наставен јазик | број на ученици | број на паралелки | траење на образование | минимум поени |
|---|---|---|---|---|---|
| медицинска сестра *во соработка со компании (ЈЗУ Општа болница Куманово) | македонски | 50 | 2 | 4 годишно траење | 70 |
| медицинска сестра *во соработка со компании (ЈЗУ Општа болница Куманово) | албански | 25 | 1 | 4 годишно траење | 70 |
| медицинска сестра | албански | 68 | 2 | 4 годишно траење | 70 |

**<u>УСЛОВИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ</u>**

- да имаат завршено основно образование;
- да не се постари од 17 години, а ученик со посебни образовни потреби да не е постар од 25 години
- да се определиле за план и програма за стручно образование и обука
- да ги исполнуваат критериумите утврдени со овој Конкурс

Запишувањето на учениците во учебната 2026/2027 година ќе се врши под услови и на начин утврдени со Законот за средното образование, Законот за стручно образование и обука и со овој Конкурс.

Учениците од ромска етничка заедница можат да се запишат ако имаат до 10% помалку поени од бројот на поените предвидени согласно Конкурсот за соодветни наставни планови и програми и ако ги задоволуваат дополнителните критериуми за испит на знаења и вештини во училиштето.

Бесплатен превоз или сместување на учениците кои ќе се запишат во прва година во јавните средни училишта, нема да биде обезбеден ако избраниот вид на образование (струка) го има во општината, односно регионот.

Наставата се изведува на македонски јазик и кирилско писмо.

За припадниците на заедниците кои следат настава на јазик различен од македонскиот јазик и неговото кирилско писмо, наставата во јавните средни училишта се изведува на јазикот и писмото на соодветната заедница.

**<u>КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР</u>** Критериуми за избор на учениците се:

− среден успех на ученикот од VI до IX одделение;

− среден успех на ученикот постигнат по четири предмети (мајчин јазик, странски јазик и два предмети што се од значење за секторот);

**П Р Е Г Л Е Д на наставните предмети од основното образование кои се предвидени во критериумите за рангирање на успехот на учениците**

| **реден број** | **СЕКТОР** | **Наставни предмети кои се задолжителни** | **Наставни предмети кои се од значење за секторот** |
|---|---|---|---|
| 1 | **Машинство** | мајчин јазик<br>странски јазик | математика<br>физика |
| 2 | **Електротехника и информатички технологии** | мајчин јазик<br>странски јазик | математика<br>физика |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 3 | **Здравство и социјална заштита** | мајчин јазик<br>странски јазик | биологија<br>хемија |

− дипломи за освоени (I, II и III) места од меѓународни натпревари, како и државни натпревари (организирани од акредитирани здруженија од Министерство за образование и наука) по мајчин јазик, странски јазик, природни науки, математика, хемија, физика, биологија и географија и наставни предмети што се од значење за струката односно изборното подрачје;
− средна вредност од поени добиени за поведение од VI до IX одделение

Во училиштата каде што се пријавуваат поголем број ученици од планираниот број со еднаков број поени, ќе се организира квалификационо тестирање од предметите значајни за секторот.

- За средниот успех од VI до IX одделение ученикот може да добие најмногу **50 поени** (општиот успех од шесто, седмо, осмо и деветто одделение се собира, се дели на четири и истиот број се множи со коефициент 10).

- За средниот успех постигнат од четирите предложени наставни предмети (два наставни предмети задолжително за сите видови образование и два предмети што се значајни за секторот), ученикот може да добие најмногу **20 поени** (5 поени за секој предмет).

- За освоено место од меѓународни и државни натпревари ученикот може да добие:

  - За освоена прва награда или златен медал на меѓународен натпревар 5 поени, втора награда или сребрен медал 4 поени и трета награда или бронзен медал 3 поени.

  - За освоено место од државни акредитирани натпревари: за I место – 3 поени, за II место – 2 поени и за III место – 1 поен. За

- За средна вредност од поените за поведение од VI до IX одделение ученикот може да добие најмногу **5 поени**. (Примерно поведение се вреднува со 5 поени, добро поведение се вреднува со 3 поени и незадоволително поведение се вреднува со 0 поени. Средната вредност е збир од поените за поведението од шесто, седмо, осмо и деветто одделение поделен со 4).

**Ученикот по сите критериуми утврдени со овој конкурс може да добие најмногу 80 поени.**

- За учениците кои завршиле деветто одделение во Република Северна Македонија, а едно, две или три одделенија (VI, VII или VIII одделение) завршиле во странство, за тие одделенија се зема успехот од деветто одделение и важат истите критериуми за избор на ученици дадени погоре.

## ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ

По успешното електронско пријавување, учениците во избраното јавно средно училиште ја доставуваат следната документација:

- пријава за запишување (пријавата учениците ја генерираат со печатење на електронската пријава преку системот за е-услуги);
- оригинални свидетелства од VI до IX одделение;
- дипломи (доколку имаат ) за освоено I, II или III место од меѓународен натпревар и/или освоено I место на државен натпревар од мајчин јазик, странски јазик, природни науки, математика, хемија, физика, биологија и географија и наставни предмети што се од значење за струката односно изборното подрачје
- извод од матична книга на родените (без оглед на датумот на издавањето).
- проценка за попреченост од системот за проценка на лица со попреченост.

## КОНКУРСНИ РОКОВИ

Пријавувањето и запишувањето на учениците ќе се врши јунски уписен рок со две пријавувања. Пријавувањето на учениците ќе се врши преку електронско аплицирање, преку линк до порталот за електронски услуги на Министерство за образование и наука https:// Uslugi.gov.mk со специјална најава за средношколци преку сопствените кориснички сметки на Schools.mk.

**Првото пријавување на учениците** ќе се врши од 00:00 часот на 12 јуни до 23:59 часот на 15 јуни 2026 година.

Доставувањето на потребната документација до училиштата е на 16 јуни 2026 година од 08.00 часот до 19.00 часот и 17 јуни 2026 година од 08.00 часот до 15.00 часот

Конечната ранг листа со резултатите од запишувањето и слободните места, секое училиште ја објавува на 18 јуни 2026 година, најдоцна до 12.00 часот, на јавно место во училиштето и/или на училишната интернет страница.

Квалификациско тестирање ќе се организира во училиштата за средно образование на 22 јуни 2026 година, а конечните ранг листи со резултатите ќе се објават истиот ден, на јавно место во училиштето и/или на училишната интернет страница.

**Второто пријавување  на учениците** ќе се врши на 23 јуни 2026 година од 00:00 часот до 23:59 часот. - Доставувањето на потребната документација до училиштата е на 24 јуни 2026 година од 08.00 до 15.00 часот.

- Конечната ранг листа со резултатите од запишувањето и слободните места, секое училиште ја објавува на 25 јуни 2026 година, најдоцна до 12.00 часот, на јавно место во училиштето и/или на училишната интернет страница. –

Квалификациско тестирање ќе се организира во училиштата за средно образование на 29 јуни 2026 година, а конечните ранг листи со резултатите ќе се објават истиот ден, на јавно место воучилиштето. ќе се врши на 30 јуни 2025 година од 00:00  до 23.59 часот

*** АВГУСТОВСКИ УПИСЕН РОК:**

- Пријавување на учениците ќе се врши на 20 август 2026 година од 00.00 часот до 15.00 часот електронски.

-Доставувањето на потребената документација до училиштата е на 21 август 2026 година од 08.00 часот до 14.00 часот.

- Конечната ранг листа со резултатите од запишувањето, секое училиште ја објавува на истиот ден најдоцна до 19.00часот

**По објавување на конечната ранг листите со резултатите од запишувањето, учениците кои не се запишани во училиштето, задолжително ја подигнуваат целокупната доставена документација поднесена во училиштето  во рок од 24 часа, а училиштето има обврска да ја врати  целокупната документација на учениците во рок од 24 часа.**

08.04.2026 Претседател на Училишна уписна комисија:

---------------------------------------------------------

Куманово /Драган Јаневски/